НОВА МАКЕДОНИЈА
# Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
Година I
број 9
30 септември
2005 год.

# Десетти јубилејни републички пензионерски спортски натпревари



## Убаво е кога пензионерите спортуваат и се дружат

Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, а под покровителството на претседателот на Владата на Република Македонија **Владо Бучковски**, на импровизираните спортски терени кај мотел-ресторанот "Лозар" на брегот на велешкото езеро "Младост" на 10 септември се одржа Десеттите јубилејни републички пензионерски спортски натпревари.

Овој значаен собир на македонските пензионери најпрвин го поздрави претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**, кој констатира дека за прв пат во децениската историја на овие спортски игри присуствува претседателот на Владата.

Топло добредојде во оваа прилика на пензионерите им посака градоначалникот на Велес **Аце Коцевски**, а игрите за отворени ги прогласи премиерот **Владо Бучковски**, кој во своето обраќање посебно нагласи дека секоја држава мора да ги почитува и цени резултатите, трудот и енергијата на постарите генерации, барајќи решенија за сите отворени прашања на пензионерското живеење и дејствување.

На десеттите финални натпревари учествуваа 299 натпреварувачи, од кои 166 во машка и 133 во женска конкуренција од 33 здруженија на пензионери, што како статистика значи десет спортисти повеќе од лани. Ретроспективно гледано, во изминатата деценија спортските активности на пензионерите во Македнија бележат постојан пораст и додека во првите години учеството на натпреварувачите беше симболично, годинава беше остварена троцифрена бројка. Интересни и вистински спортски борби се водеа во тегнење јаже, шах, домино, стрелаштво и пикадо, а вниманието на посетителите го привлекоа и атлетските дисциплини: трчање, брзо одење, фрлање ѓуле и скок од место.

Најдобри резултати покажаа спортистите-пензионери од Куманово кои го освоија преодниот пехар. На второ место се пласира екипата на Тетово, потоа Штип, Велес, Охрид, скопска Кисела Вода итн. Градоначалникот на Велес **Аце Коцевски** приреди прием за раководствата на пензионерските организации, а на сите здруженија, што во изминатите десет години учествувале на републичките спортски игри, потпретседателот на СЗПМ **Андон Марковски** им врачи благодарници. Јубилејот беше и повод да се дружат, рекреираат и релаксираат и околу илјада пензионери од сите краеви на Македонија.

Позитивна оценка може да се даде и за медиумската застапеност на Десеттите републички пензионерски спортски натпревари на Македонското радио и телевизија, емисијата "Трета доба", на Канал 5, Телма и А1, како и во "Нова Македонија" "Дневник" и "Вест", локалните: Радио Велес, Радио Голди, Канал 21 и ТВ Здравкин, а се подготвува и специјално колор издание на Билтенот на СЗПМ.




**Д.Аргировски**

Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ

## Пензионерите заслужуваат подобар третман

Пензионерки и пензионери, драги спортисти, дозволете ми од ваше име и од името на сите пензионери во Македонија да му посакам добредојде на премиерот Владо Бучковски и благодарност да биде покровител на Десеттите јубилејни републички пензионерски спортски натпревари.

Задоволни сме што премиерот извесно време ќе биде со нас и тоа е за прв пат во историјата на овие спортски игри да бидеме почестени од присуството на ваков висок републички функционер. Секако, пензионерите го заслужуваат тоа, бидејќи меѓу нив сè уште има учесници во Народноослободителната војна кои се бореа за создавање на македонска држава, како и оние што по војната учествуваа во обновувањето на земјата, ја градеа, така што сите пензионери заедно придонесовме за развој на нашата земја.



Веруваме дека претседателот на Владата на Република Македонија сето тоа го имал предвид кога прифати да биде покровител на овие јубилејни традиционални спортски натпревари.

Вам, драги пензионерки и пензионери, ви посакувам добро здравје, да се чувствувате релаксирано и да учествувате на наредните јубилеи на овие спортски игри, а на натпреварувачите им посакувам спортски дух и фер натпревари, а најдобрите нека се закитат со еден од медалите. Однапред му честитам и на севкупниот победник, кој ќе го освои пехарот.

Наедно, ви препорачувам: спортувајте и движете се, зашто тоа ја одржува младоста и полесно ќе го понесете товарот на годините.



Обраќање на Владо Бучковски, претседател на Владата на РМ

## Соодветно внимание за оваа популација

Почитувани пензинери, дами и господа,

Со посебна чест и задоволство ја прифатив поканата да бидам покровител на Десеттите јубилејни републички пензионерски спортски натпревари. Секоја држава мора да знае да ги почитува и цени резултатите, трудот и енергијата на постарите генерации вложени за доброто и просперитетот на татковината. Вие можете да се гордеете со резултатите што ги оставивте зад себе, затоа го изразувам моето лично задоволство што сум тука меѓу вас кај прекрасното Велешко Езеро. Сметам дека луѓето не се делат според годините, туку според духот, а овие спортски натпревари покажуваат дека вашиот дух не признава години. Големата мотивација, како и масовното учество во натпреварите, почнувајќи од општинаските, преку регионалните, па сè до овие на државно ниво, се најдобра потврда за тоа. Ме радува што гледам дека натпреварувачкиот дух е надополнет со желбата за запознавање, другарување и забава.

Искажувајќи ја определбата на Владата секогаш да посветува соодветно внимание на оваа популација македонски граѓани, порачувам дека и дел од прашањата кои се отворени ќе продолжиме да ги разговараме со вашите претставници, барајќи решенија за сите оние што во овие транзициони времиња не можат да скрпат крај со крај секој месец.



Притоа ќе барам од вас разбирање дека сето она што сте ни го оставиле, сите оние добрини, сите оние благодети, но и дел од проблеми, ќе ги решаваме заеднички. Но, барам од вас и малку трпение и малку повеќе доверба во сето она што заеднички ќе го правиме со вашите претставници, пред сè со претседателот на СЗПМ Душко Шурбанвски.

На крајот, посакувајќи Ви успешни спортски натпревари, Ви посакувам добро здравје и да се видиме на јубилејните дваесетти републички пензионерски спортски средби.

Од поздравниот говор на градоначалникот на Велес **Аце Коцевски**

## Пензионерските проблеми - грижа и на локалната заедница

Особено ми е драго што имам можност на едно место да сретнам бројни претставници на постарата генерација, луѓе кои со своето животно искуство се драгоценост за секоја држава.

Повеќе од 8.000 пензионери од Велес, Градско и Чашка се грижат за успешно функционирање на Солидарниот фонд, за правилна распределба на скромниот станбен простор, за општествениот живот на Домот на пензионерите и за други активности, како што е едукацијата за правилна исхрана, медицинска помош и слично, во организација на Активот на жените.



Процесот на децентрализацијата отвора широко поле за активности на локалната заедница во доменот за грижата на пензионерите и старите лица. Ова создава услови за реализирање на активности кои ќе придонесат за подостоинствен живот во третата доба и истовремено ќе ги искористат искуствата и знаењата на постарите генерации во развојот на целата локална заедница.

Надминувањето на проблемите со кои се соочуваат пензионерите и старите и изнемоштени лица се предизвик повеќе и за развиениот невладин сектор, кој преку реализацијата на проекти во соработка со општината може многу да придонесе во грижата за оваа категорија граѓани. Институционално, Општината ќе вложи напори во рамките на новите надлежности во социјалната афера, да отвори Клуб за стари лица со што во голема мера ќе се подобрат условите за нивно згрижување и активно вклучување во општествениот живот на Велес.

Можностите се големи, останува времето да покаже колку локалната заедница може да придонесе во решавањето на проблемите.

## Десетти јубилејни републички пензионерски спортски натпревари

# Најдобри екипи и поединци





Севкупен победник: Пензионерите од Куманово





Републичката комисија за спорт при СЗПМ, под раководство на претседателот **Ѓорѓи Трпчески**, ги прогласи најдобрите екипи и поединци во сите девет дисциплини, со доделување медали и други признанија. Најдобар севкупен резултат на овие јубилејни спортски игри постигна Здружението на пензионеите од Куманово, кое го доби и преодниот пехар.

Во **шах** првото место во машка конкуренција го освои екипата на скопски Центар пред Штип и Карпош - Скопје, а во женска најдобри беа шахистките на Штип, пред Карпош и Кисела Вода -Скопје.

Најдобар шахист на прва табла беше **Стефан Весков** од скопски Карпош, а најдобаа шахистка на прва табла **Елена Маневска** од Штип.

Првото место во **стрелаштво** мажи го освои екипата на Тетово, второто Куманово, а третото Гази Баба - Скопје, а во женска онкуренција најдобри беа МВР-Скопје, потоа Кавадарци и Центар - Скопје. За најдобар стрелец е прогласен **Миодраг Јовановиќ** од Гази Баба - Скопје, а за најдобара стрелачка **Ефка Јошева** од Кавадарци.

Во **пикадо** мажи победи екипата на Демир Хисар, пред Неготино и Куманово, а во женска конкуренција најдобри беа Карпош - Скопје, пред Штип и Куманово.

За најдобар пикадо мајстор беше прогласен **Борис Рутински** од Демир Хисар, а за најдобра пикадо мајсторка **Маре Ненковиќ** од Штип.

Во **тегнење јаже**, мажи: првото место го освои екипата на Гостивар, пред Пробиштип и Струмица, а кај жените најдобра беше екипата на Тетово пред Гази Баба -Скопје и Кавадарци.

Во **фрлање ѓуле** кај мажи златниот медал го освои **Бранко Почука** од Куманово, сребрениот **Методи Воинов** од Виница, а бронзениот **Винко Смилевски** од Тетово. Во женска конкуренција најдобра беше **Јабланка Веселинвска** од Тетово, пред **Велика Илиева** од Македонска Каменица и **Марија Стефановска** од Кисела Вода - Скопје.

Во **брзо одење** кај мажите медалите ги освоија **Славко Трајковски** од Тетово, **Бранко Раковиќ** од Куманово и **Ангел Филипов** од Велес, додека во брзо одење кај жени првото место го освоија **Љубица Кузмановска** од Куманово и **Наумка Пенезиќ** од Охрид, на второто место се пласираа **Стојанка Атанасовска** од Делчево и **Гурѓа Јованова** од Штип, а на трето место **Параскева Мишевска** од Тетово.

Двојни победници имаше и во **трчање** кај межи: **Илија Јакимов** од Велес и **Славчо Пекевски** од Берово, пред **Миле Лазаров** од Струмица и **Наум Пуфтовски** од Охрид, а на трето место се пласира **Димитар Христов** од Тетово. Кај жените во трчање најдобри беа **Божана Тасева** од Тетово и **Драгица Маркуловска** од Охрид, пред **Бисера Стојанова** од Велес и **Душка Сусанова** од Радовиш.

Во **домино** мажи, со златен медал се закити **Петар Зафиров** од Велес, со сребрен **Али Попинара** од Дебар и со бронзен **Ѓорѓи Димитров** од Куманово, додека кај жени најдобара беше **Ленче Тановска** од Ресен, пред **Вера Трпковска** од Карпош - Скопје и **Софија Димова** од Велес.





Во **скок од место** златен медал освои **Томислав Пановски** од Куманово, сребрен **Драган Јовановски** од Македонска Каменица, а **Димче Ѓошев** од Штип бронзен медал.

Д.Аргировски







фото: Вангел Тануровски



На 7 октомври во Универзалната сала во Скопје

## Концерт на пензионерите на Македонија

Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на 7 октомври во Универзалната сала во Скопје, со почеток во 11 часот, ќе се одржи завршниот концерт на Третата ревија на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти. Според изборот на стручната комисија, на Концертот ќе настапат најдобрите од одржаните регионални ревии во Тетово, Неготино и Кочани. Гледачите ќе имаат можност да ги поздрават членовите на културно-уметничките секции од здруженијата на пензионерите од скопските општини Гази Баба, Кисела Вода и Центар, од Тетово, Гостивар, Куманово, Прилеп, Гевгелија, Неготино, Берово, Пробиштип, Виница, Кочани и Делчево.

**Признанија**

Пробиштип

## Здружението на пензионери и КУД "Весели пензионери" добитници на Осмосептемврис-ката награда

По повод одбележувањето на двојниот јубилеј - 50 години Општина Пробиштип и Денот на ослободувањето, на свечената седница беа доделени плакети и благодарници на организации, здруженија и поединци кои дале посебен придонес во развојот. Радува фактот што меѓу добитниците на Осмосептемвриската награда се Здружението на пензионерите на Пробиштип за успешно организирање на своето членство и КУД "Весели пензионери" за тридецениското истакнато негување и презентирање на изворниот фолклор во нашата земја и надвор од неа.

**М. Здравковска**

## Седмосептемвриска награда за кавадаречките пензионери

Меѓу добитниците на општинското признаие, плакетата "Седми септември", годинава се вброи и Здружението на старосни и семејни пензионери од Кавадарци за остварените резултати во работењето.

На свечената седница на Советот на Општина Кавадарци, што се одржа по повод Денот на ослободувањето на градот, при врачувањето на наградата на претседателот на Здружението **Илија Пемов** од градоначалникот **Панчо Минов**, во образложението беа истакнати позначајните активности постигнати во повеќе области во последниве три години. Особено беа издвоени успешноста во омасовувањето и вклучувањето на членството во различните облици и форми на дејствување, како здравствена едукација, екологија, културно-забавен живот, спорт и рекреација, во локални манифестации како Тиквешкиот гроздобер и одбележувањето на позначајни настани и датуми од нашето минато. Овие резултати се остварени преку активен однос на органите и телата на Здружението кои во текот на целата година обезбедуваат континуитет во реализирањето на програмските активности. Покрај грижата за подобрување на животниот стандард и на социјалната положба на своите членови преку Солидарниот фонд, кавадаречкото Здружение на старосни и семејни пензионери со сопствени средства годинава реализира и значаен инвестиционен зафат од 1 милиони и 700 илјади денари за реконструкција и адаптација на монтажна барака, со што пензионерите добија нови 370 квадратни метри за дружење и забава.

**Ф.Костадиновска**



„Распеани пензионери" – Неготино

## Една година плодна работа



Ванчо Давчев

Пејачко-инструменталната група "Распеани пензионери" од Неготино само година дена по формирањето успеа да се афирмира и на своите настапи да привлече голем број симпатизери.

Претседателот на Комисијата за култура **Ванчо Давчев** е мошне задоволен од постигнатото, од учеството на Втората и на Третата ревија на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти, од гостувањето во Скопје и соработката со Црвениот крст на Општина Чаир и настапот во Домот на стари лица во Злокуќани, потоа на Фестивалот во Долнени, на плоштадот во Неготино по повод Денот на културата и друго.

- Така сплотени, весели и распеани, очекуваме да го одржиме ова темпо на активности, истакна Давчев, но и да го прошириме репертоарот со зголемено учество на повеќе манифестации.

**Ц. Леонтевска**

Во слика и збор

## Нови поетски остварувања

Традиционалната Поетско-забавна средба на активите на жени пензионерки од Македонија, чиј домаќин беше Кумановскиот актив, се одржа во пријатно расположение.

Во поетскиот дел на програмата беа презентирани најуспешните поетски остварувања на тема: "Слободата е наш непокор". За најдобра песна беше прогласена на **Божана Трајковска** од Куманово, а второто место го подели-ја **Драгица Апостоловска** од Свети Николе и **Вера Поповска** од Охрид.

Кај пристуните посебно внимание предизвика вкусно аранжираната изложба на домашни ракотворби.

Делегации на пензионерите положија букети свежо цвеќе на бистата на Трајко Илиевски-Кмет пред Домот на пензионерите, каде што се одржа оваа средба.



**С. Николовски**

„Кисела Вода" – Скопје

## Акција за мерење на притисок и на шеќер во крвта

Здружението на пензионерите на Кисела Вода - Скопје деновиве поведе постојана акција за мерење на притисок со пулс и на шеќер во крвта на членовите, што имаше добар одѕив во Црниче, 11 Октомври, Јане Сандански, Лисиче, Драчево и други огранoци. За значењето на акцијата зборуваа претседателот на општинскиот Извршен одбор **Перо Стојановски** и претседателот на Комисијата за здравство и здравствено осигурување на СЗПМ примариус **д-р Никола Стојановски**, при што истакнаа дека грижата за здравјето на пензионерите е многу значајна и дека вакви корисни акции треба да се организираат во сите пензионерски здруженија во Македонија. -Пријатно е чувството кај секој пензионер кога ќе ја согледа грижата што се води за него, а со ваква превентивна акција се помага и за навремено откривање и лекување на одделни болести - истакнаа пензионерите **Душко Атанасовски, Петар Иловски, д-р Драги Гечев, Миливое Илиевски, Иван Канчевски** и други.



фото: Томе Манов



Од активностите на Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија на Македонија

## Манифестација „Спортски натпревари 2005"



На спортските терени во Тетово на 17 септември се одржаа Четвртите спортски натпревари помеѓу здруженијата на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија од Република Македонија. Учествуваа 114 натпреварувачи од здруженијата "Гази Баба", "Центар", и "Кисела Вода" од Скопје, како и од Берово, Валандово, Гевгелија, Куманово и Тетово. Се натпреваруваа во шах, пикадо, тегнење јаже, трчање, фрлање копје, диск и ѓуле. За значењето на оваа спортска манифестација зборуваше **Југослав Аризанкоски**, претседател на Здружение на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија, давајќи акцент не само на натпреварувачкиот дух, туку и на дружењето и соработката. Здружението од Тетово, кое дејствува над пет децении и има забележителни успеси во своето работење, е и иницијатор за спојување со Сојузот на инвалидските пензионери на Македонија и Сојузот на инвалиди на трудот во еден сојуз. Претседателот Аризанкоски информираше дека во Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија во Тетово членуваат 4.000 корисници на инвалидска пензија и 2.000 корисници на семејна пензија наследена од починатиот инвалид, 120 члена корисници на инвалидска пензија од странство, како и 140 члена со телесно оштетување и 250 члена со намалена работна способност, кои се вработени во тетовските претпријатија. На завршниот дел на манифестацијата "Спортските натпревари 2005" беа објавени и резултатите. Севкупен победник и овој пат беше Здружението од Тетово, пред Куманово и Гази Баба од Скопје. Пријатната атмосфера ја надополнија и претставници на повеќе здруженија, невладини организации, фирми и институции со кои ова здружение остварува успешна соработка.



Југослав Аризанкоски



**Д. Арг.**